Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто и седумдесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2023 година

Скопје, јули 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумдесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2023 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и преку видео-конференциска врска учествуваа извршниот директор на групацијата Светска банка, Коен Давидс, регионалниот директор за Западен Балкан, Цаоин Ју, вишиот економист во Светска банка, Сања Маџаревиќ и регионалниот менаџер на Светска банка, Максимилиан Паолучи.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 2

По повод презентацијата и анализата на системската дијагностика на Република Северна Македонија и концепт идеи за изработка на нова стратегија и рамковно партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Групацијата на Светска банка на седницата свое обраќање имаше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија при што констатира дека оваа презентација и анализа претставуваат почеток на процесот на изработка на нова стратегија или рамка за партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Светска банка, како и продолжување на долгогодишното партнерство, кое бележи 30 години успешна соработка.

Меѓу другото, истакна дека соработката со Светска банка е од огромно значење за Република Северна Македонија и поддршката која несомнено ја добива претставува силен сигнал дека земјата чекори на вистинскиот пат, но и истовремено претставува мотивација Република Северна Македонија да продолжи со политиките и реформските процеси кои веќе се започнати.

Исто така, во своето обраќање на седницата претседателот на Владата на Република Северна Македонија потенцираше дека предложената рамка е обемна и истата ги опфаќа сите компоненти на општеството и економијата, започнувајќи од економскиот раст и клучните економски параметри, инвестициите, човечкиот капитал, продуктивноста, иселувањето на населението, инфраструктурата, транзицијата кон зелената економија и стремежот кон одржливи системи отпорни на нови кризи. Понатаму, додаде дека земјата е исправена пред многу предизвици и работа и поради тоа потребна е тимска работа и посветеност кон реализацијата на проектите.

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, во своето обраќање констатираше дека Република Северна Македонија во минатото се соочуваше со многу предизвици, пред се предизвикани од случувањата на меѓународната сцена. Додаде дека во овој период за почит е поддршката која доаѓа од партнерите на Република Северна Македонија, меѓу кои и Светска банка, со чија техничка и финансиска поддршка земјата успеа да ја стабилизира домашната економија, во која Владата заеднички со Светска банка имплементираа проекти кои придонесоа за повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните во Република Северна Македонија.

Извршниот директор на групацијата Светска банка, Коен Давидс, истакна дека постојаната соработка на Република Македонија со Светска банка е од особена важност за нашата земја. Имено, рамката со анализа на Република Северна Македонија претставува темел за дијагоностика на состојбите во нашата земја и истата ќе ни помогне да останеме на патот кон интеграцијата во Европската Унија и правилно да ги спроведеме структурните реформи кои и се потребни на Република Северна Македонија со цел побрза интеграција во Европската Унија.

Регионалниот директор за Западен Балкан, Цаоин Ју, образложи дека доколку погледнеме наназад, во изминатите 30 години независност на Република Северна Македонија, земјата има постигнато импресивен раст на полето на социјалниот, економскиот и институционалниот развој. Додаде дека доколку се погледне приходот по глава на жител во земјата може да се воочи дека истиот е удвоен во изминатите 30 години, така што Република Северна Македонија направи транзиција од земја со среден приход во земја со голем среден приход. Во однос на стапката на невработеност, истата е намалена на ниво од 14,4%. Истакна дека Република Северна Македонија е земја со најотворена економија во регионот, што е од особена важност за мала земја која нема излез на море.

Исто така, регионалниот директор за Западен Балкан, Цаоин Ју, констатираше дека земјата има вложено големи напори за унапредување во раководењето и управувањето со институциите. Додаде дека сите овие напори се прикажани и потврдени во процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија и истите претставуваат добар темел за земјата да може да продолжи понатаму во својот раст и развој.

Вишиот економист во Светска банка, Сања Маџаревиќ и регионалниот менаџер на Светска банка, Максимилиан Паолучи, преку презентација ги претставија и дадоа сублимат и краток осврт на наодите од системската дијагностика на Република Северна Македонија и концепт идеи за изработка на нова стратегија и рамковно партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Групацијата на Светска банка.

м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, секој поединечно дадоа свое видување по однос на презентацијата и анализата на системската дијагностика на Република Северна Македонија и концепт идеи за изработка на нова стратегија и рамковно партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Групацијата на Светска банка и истакнаа дека партнерството со Светска банка е од особено значење за понатамошниот раст и развој на економијата на нашата земја на патот кон Европската Унија.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |